Асоцијација на спортски обложувалници на Македонија АСОМ
Бр. 03-1
16.01.2018 год.
СКОПЈЕ

АСОМ

**Асоцијација на спортски обложувалници на Македонија**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
СКОПЈЕ
Примено: 16-01-2018
Орг. един. | Број: | Прилог: | Вредност:

**До:** Министерство за Финансии

Кабинет на Министер за финансии на Република Македонија

д-р Драган Тевдовски

**Предмет:** Мислење по Предлог закон за измени и дополнувања на Законот за игри на среќа

Почитувани,

Асоцијација на спортски обложувалници АСОМ – Скопје, со седиште на ул. Васил Главинов бр. 16 кат 2 лок. 11 Скопје, со ЕДБ 4080013540886 е здружение на приредувачи на игри на среќа во обложувалница кое постои од 2013 година и во кое членуваат легалните и лиценцирани приредувачи на игри на среќа во обложувалница во Македонија чија основна цел е да се развиваат и промовираат врвни светски и современи стандарди на игрите на среќа, како и развивање на поодговорен пристап кон игрите на среќа во обложувалница во Република Македонија .

Асоцијација на спортски обложувалници АСОМ – Скопје се наметнува како исклучително значајно здружение за бизнис заедницата во земјава, па тргувајќи токму од неговата важност, значајно е да се напомене дека овој бизнис сегмент - Посебни игри на среќа во обложувалница кој својата дејност ја обавува согласно позитивните законски прописи, вработува преку 3.000 лица и воедно дава значаен и силен придонес кон намалувањето на стапката на невработеност, а од друга страна има значаен импакт и обезбедува редовен и значаен прилив на средства во Буџетот на Република Македонија.

Имајќи ја во предвид оваа наша репрезентативност во приредувањето на посебни игри на среќа во обложувалница во Република Македонија, а како директно засегната страна цениме дека е потребно да го изнесеме нашиот став по однос на Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, објавен на Единствен Национален електронски регистар на прописи на Република Македонија - ЕНЕР на ден 05.01.2018 година, бидејќи не бевме повикани за коментари и сугестии од страна на засегнатите страни од бизнис секторот, а особено имајќи во предвид дека измените на законот имаат директно влијание на работата на приредувачите на посебни игри на среќа во обложувалница во Република Македонија, при што го даваме следниот :

## З А К Л У Ч О К

1. **Асоцијација на спортски обложувалници АСОМ – Скопје во потполност не се согласува** со **Член 6, Член 8, Член 10** и **Член 12** од Предлог Законот за измени и дополнувања на Законот за игрите на среќа и за забавните игри. Изрично смета дека ова предвидено ограничување е целосно непотребно, нема апсолутно никаков позитивен ефект и е неприфатливо за бизнис сегментот и соодветно на тоа треба да се отфрли. Имено, во погоренаведените членови се предвидува:

| |
|---|
| Член 6<br>Во член 40 во ставот (3) по алинеата 7 се додава нова алинеа 8 која гласи:<br>„ изјава од одговорното лице дадена под материјална, морална и кривична одговорност дека деловната просторија во која ќе се приредува томбола од затворен тип е оддалечена не помалку од 300 метри од основни и средни училишта.“<br>Член 8<br>Во член 57 во ставот (3) по алинеата 7 се додава нова алинеа 8 која гласи:<br>„изјава од одговорното лице дадена под материјална, морална и кривична одговорност дека казиното е оддалечено не помалку од 300 метри од основни и средни училишта.“<br>Член 10<br>Во член 73 во ставот (3) по алинеата 6 се додава нова алинеа 7 која гласи:<br>„ изјава од одговорното лице дадена под материјална, морална и кривична одговорност дека во обложувалницата во која се приредуваат игрите на среќа е оддалечена не помалку од 300 метри од основни и средни училишта.“<br>Член 12<br>Во член 84, во став (2) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите „и изјава од одговорното лице дадена под материјална, морална и кривична одговорност дека уплатно-исплатното место е оддалечено не помалку од 300 метри од основни и средни училишта.“ |

2. Асоцијација на спортски обложувалници АСОМ – Скопје **не се согласува со член 11** од Предлог Законот за измени и дополнувања на Законот за игрите на среќа и за забавните игри со кој се предвидени измени во член 76 во став (1) каде зборовите „во износ од 300.000 евра“ се заменуваат со зборовите „во износ од 500.000 евра“, во став (2) зборовите „во најмногу 25 уплатно-исплатните места се заменуваат со зборовите „во најмногу 50 уплатно-исплатни места“, а ставот 3 се брише.

3. АСОМ цени потреба да се извршат дополнителни прецизирања и објаснувања, особено во делот на т.н лотариски самопослужните терминали на кои согласно новата точка 17 од Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри е предвидна можност да се врши уплата и да се играат општи игри на среќа.

4. АСОМ бара во Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, да се промени член 74 став 1 од постојниот Закон за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16) со кој е пропишано дека:

   „ Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница се издава за период од три години" и истиот да гласи :

   „ Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница се издава за период од шест години".

I. Образложение по точка 1 од Заклучокот на АСОМ за членовите од Предлог Законот за кој не се сложуваме (член 6, 8, 10 и 12):

Воведувањето на минимална оддалеченост на објектите за игри на среќа од основни и средни училишта се претпоставува дека се базира на дополнително регулирање на достапност на игри за среќа за малолетни лица. Меѓутоа, согласно постоечкиот Закон за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16), прашањето за забрана за учество на малолетни лица (дури и за влез во објектите кои приредуваат игри на среќа и за вршење уплата) е **ВЕЌЕ СТРОГО РЕГУЛИРАНО** преку **Член 20** став 1 со кој е пропишано дека „ Лица помлади од 18 години не можат да учествуваат во игрите на среќа", дополнително став 3 согласно кој „ На лица помлади од 18 години не е дозволен влез во казина, во простории каде што се приредува томбола од затворен тип, во обложувалници и во автомат клубови".

Законодавецот дополнително предвидува обврска за приредувачите на игри на среќа да оневозможат учество и влез на лица помлади од 18 години во игрите на среќа.

**Членот 157 став 1**,**точка 10** за непочитување и постапување спротивно на член 20 став (2), (4) и (6), законодавецот предвидел високи парични глоби за приредувачите на игри на среќа.

Со сите преземени мерки досега во постоечкиот закон, правно и фактички гледано, **комплетно е регулирано прашањето околу забраната за пристап на малолетните лица**, од причина што законската забрана се почитува од страна на приредувачите на игри на среќа и веќе функционира со години,

особено од членовите на АСОМ. Имено, секој објект (уплатно-исплатно место) за организирање на посебни игри на среќа во обложувалница, веќе има поставено на видно место на влез налепница за забрана за влез на малолетни лица и секако на сите печатени материјали и промоции се нагласува забраната за уплата за малолетни лица. Малолетни лица во обложувалници **НЕМА,** и дополнително нивното учество во обложувањето е оневозможено од самите приредувачи.

Имено, ако се земе еден едноставен пример: доколку еден ученик поминува во просек 5 часа на училиште (каде што е во училница следејќи часови) останатото време во денот е во својот дом/зграда/маало. Очигледно, не би имало никаква придобивка од ограничувањето за постоење на објект за игри на среќа на растојание не помало од 300 метри од училиште, доколку, да речеме, веќе постои лиценциран објект за игри на среќа кој што е лоциран токму во зградата каде што живее ученикот или во непосредна близина. А притоа, повторуваме, веќе има строго регулирано во Законот за игрите на среќа и за забавните игри комплетна забрана за влез на малолетници во локалот и нивно учество во игрите на среќа. Едноставно, нема никакви позитивни импликации предложеното решение, само непотребно ограничување.

Со воведување на минимално растојание како ограничувачка мерка за обложувалниците, како што е предложено во предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, сметаме дека не се добива никаков дополнителен бенефит по однос на дорегулирање на ова прашање, освен **негативни импликации по бизнис-секторот, особено во однос на намалување на бројот на вработувањата на објект (уплатно-исплатните места) кои ќе бидат затворени, предвремено раскинувањето на веќе склучените договори за закуп за деловните простории, а сето тоа секако негативно се одразува и на намалување на приходите кои само по основ на наведените исплатени приходи од страна на приредувачите на игрите на среќа се слеваат во Буџетот по основ на персонален данок на доход од имот, персонален данок на добивки од игри на среќа, намалување на основицата за пресметка и плаќање на посебна давачка утврдена во член 79 став 1 и 2 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.**

Предвиденото дополнително воведување на ограничување на веќе воспоставен систем и постоечки уплатно-исплатни места кои оперираат на една иста локација со години, па и децении, не е само директна штета кон приредувачите на игри на среќа кои имаат направено огромни инвестиции во тие објекти низ текот на годините, туку и доколку се затворат истите, ќе постои и евидентна и драматична штета која директно ќе се рефлектира и одрази и на буџетските приходи од игри на среќа, кои значително ќе се намалат, повеќекратно: по основ на 20% посебна давачка од игри на среќа, по основ на 3% дополнителна посебна давачка за Агенција за Млади и Спорт.

Според Асоцијацијата, предлог решението претставува **нерамноправен третман на компаниите кои вршат дејност игри на среќа, со компаниите од другите услужни дејности** и останати правни субјекти, со што се прекршува

**уставно право за работа на еден правен субјект** при еднаков пристап на пазарот како и за сите други правни субјекти, за кого се воведуваат забрани кои не постојат за други слични правни субјекти, а кои имаат исто или слично ограничување ( продажба на цигари, алкохол). Имено, општо познато е дека постои забрана за продажба и за точење на алкохол на малолетни лица. Исто така, продажбата на цигари и алкохол за малолетни лица е појава која треба да се ограничи. Од предложеното решение, како споредба, во моментов, не постои исто или слично ограничување на угостителски објекти во близина на средни и основни училишта, бидејќи се смета дека забраните и ограничувањата се целосно реализирани со соодветни законски решенија во нивните матични закони. Токму тоа е на идентичен начин предвидено и во постоечкиот Закон за игрите на среќа и за забавните игри.

Доколку целта на овој несоодветен предлог би била некоја дополнителна контрола на забраната за пристап на малолетни лица, постојат низа ефикасни дополнителни механизми кои можат да се преземат и од страна на приредувачите на игри на среќа и од страна на регулаторот (преку УЈП и инспекциски надзор) како сето тоа видно, доследно и целосно би се почитувало, но секако не на предложениот начин, бидејќи позитивни ефекти преку овој принцип не постојат.

**II.** Образложение по точка 2 од Заклучокот на АСОМ за членовите од Предлог Законот за игрите на среќа и за забавните игри (член 11):

Со член 11 од Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за игри на среќа, се предлагаат измени на член 76 од Законот за игрите на среќа и за забваните игри, во став ( 1) и (2) во однос на висината на депозит и бројот на уплатно-исплатните места. Сметаме дека ваквиот предлог е целосно непотребен и несоодветен. Имено, со постојното законско решение: “Приредувачот на игри на среќа во обложувалница за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа во обложувалницата, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон, како и за надоместоците и посебната давачка е должен да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Македонија, во износ од 300.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на депонирањето, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција. Со издавањето на лиценцата и уплатата на депозитот, односно банкарската гаранција во висина од 300.000 евра, приредувачот на игри на среќа во обложувалница има право да приредува игри на среќа во обложувалница во најмногу 25 уплатно-исплатни места, додека пак за зголемување на бројот на уплатно-исплатните места за секои следни десет уплатно-исплатни места приредувачот е должен да достави доказ за уплатен депозит, односно да приложи банкарска гаранција, во износ од 50.000 евра во денарска противвредност кои служат за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа во обложувалницата, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон, како и за надоместоците и посебната давачка.”

Со предложеното законско решение износот на депозитот односно банкарската гаранција е речиси двојно зголемен, а истовремено бројот на уплатно-

исплатните места е ограничен на 50, без можност за нивно зголемување.

Предлог измената на член 76 е нејсна и остава простор за различно толкување и примена, од една страна предлог новиот текст на член 76 дава можност за утврдување на максимум од 50 уплатни места кои може да ги има еден приредувач врз основа на дадена лиценца без било каква можност да отвори дополнителни уплатни места. Доколку интенцијата на новиот текст од член 76 е во правец на воведување на ваква рестрикција истата е насочена директно кон насилно уништување на приредувачите кои веќе имаат повеќе од 50 уплатни места. Оттука се надеваме и веруваме дека предлогот на новиот закон нема таква намера и за да се избегне вакво рестриктивно толкување бараме да не се брише став 3 од член 76 туку во најмала мера истиот да се измени соодветно на предложените измени во став 1 и 2 од член 76.

Од друга страна измената на член 76 може да се толкува дека приредувачот на игри на среќа во обложувалници врз основа на една лиценца може да приредува игри на среќа во 50 уплатно-исплатни места, а доколку сака да го зголеми бројот на уплатни места потребно е да поднесе барање за нова дополнителна лиценца, покрај постојната, што би значело нов надомест од 105.000 ЕУР и дополнителен депозит/банкарската гаранција од 500.000 евра, нови дополнителни јавни давачки и дополнително повторно плаќање на посебните давачки предвидени во член 79 од Законот за игрите на среќа и забавните игри.

Односно, ако приредувачот има намера да приредува игри на среќа во обложувалница во повеќе од 100 уплатно-исплатни места, тоа би значело дека истиот треба да поседува три лиценци, да даде 3 депозити/банкарска гаранција секоја во по износ од 500.000 евра, три пати посебно да плаќа за секоја лиценца јавни давачки и посебни давачки.

Оттука, а со оглед на економската неисплатливост за отворање на повеќе од 50 уплатно-исплатни места и поседувањето на три посебни лиценци за приредување на ист вид игри на среќа, очигледно и очекувано е дека приредувачите ќе го ограничат бројот на своите уплатно-исплатни места на најмногу 50, што повторно негативно ќе се одрази на стапката на невработеност (ќе се намали вработеноста), а следствено на тоа и намалување на приливот на средства во Буџетот на Р. Македонија, сето тоа од претходно образложените причини.

Во предвид на ова, неспорно е дека член 11 од предлог измената на Законот, односно, конкретно предлог новиот текст на член 76 воопшто не е јасен и доколку интенцијата на предлагачот да се смени членот 76 останува во секој случај, новиот текст на член 76 мора да се дефинира појасно и порецизно со цел да се избегне било каков сомнеж пред се за фиксно ограничување на број на уплатни места по друштво- приредувач на игри на среќа во обложувалници, а второ да се дообјасни процедура и разумни трошоци за отварање на повеќе од 50 уплатни места од страна на исто друштво приредувач на игри на среќа во обложувалници.

Врз основа на се наведено, неспорно е дека сите наводно позитивни ефекти од усвојување на предложените измени и дополнувања на Законот за игрите на среќа и забавните игри се во целост неоправдани и контрадикторни на реалната

фактичка состојба.

**III.** Образложение и сугестии во однос точка 3 од мислењето на АСОМ за допрецизирање и дополнување на точка 17 од Предлог Законот за именување и дополнување на Законот за игри на среќа:

- Во член 1 од Предлог Законот за измени и дополнувања на Законот за игри на среќа, во точка "17) Лотариски самопослужен терминал е уред на кој може да се врши уплата и да се играат општи игри на среќа;", да се додаде, **", но не и посебни игри на среќа – обложување на спортски натпревари."**

Предлогот за допрецизирањето на членот 1 од Предлог Законот, кај ново воведените Лотариски самопослужни терминали е поради потребата од јасно дистанцирање на општите игри на среќа и посебните игри на среќа, каде што всушност припаѓа обложувањето на спортски натпревари. Имено, со допрецизирањето се овозможува превенција и неможност Лотариските самопослужни терминали да содржат во својата понуда обложување на спортски настани, односно понуда за која Приредувачите на посебни игри на среќа во обложувалница веќе имаат добиено засебна лиценца. Дополнително, доколку нема јасно дистанцирање на игрите кои смеат и кои не смеат да се понудат во лотариските самопослужни терминали, тогаш ќе настане и конфликт во пресметката на Персоналните даноци од игри на среќа кои различно се пресметуваат за општите и за посебните игри на среќа.

**IV.** Образложение и сугестии во однос точка 4 од мислењето на АСОМ за Предлог Законот за именување и дополнување на Законот за игри на среќа, каде се бара продолжување на времетраењето на лиценците:

Кога станува збор за должината за лиценцата кај приредувачите на посебни игри на среќа во обложувалница, Асоцијацијата смета дека и досега е направена неправда и нееднаквост во должината на лиценците со останатите субјекти кои спаѓаат во истата група на Посебни игри на среќа, а тоа се Автомат-клубовите и Казината. Кај нив лиценцата се издава на 6 години, што е реален и соодветен период. Нашето барање во Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за игри на среќа, должината на траење на лиценцата да се продолжи од 3 на 6 години, а со тоа да се изедначи со останатиот сегмент.

Со воведување должина на лиценцата од 6 години, правната сигурност на компаниите кои организираат игри на среќа во обложувалница ќе биде значајно зголемена, а буџетските приходи по основ посебни давачки ќе бидат стабилни, редовни и регулирани на подолг период. Исто така, со оваа мерка се избегнува непотребната дополнителна и двојна администрација при продожување на лиценците на секои три години на едни исти правни субјекти кои работата согласно законите со исти уплатно-исплатни места, преку вадење ХТП (техничко-технолошки услови) и одобренија по којзнае кој пат за едно исто уплатно-исплатно место.

Низ годините, премногу често Законот за игрите на среќа и за забавните игри трпеше промени, и тоа коренити и порестриктивни во споредба со претходните за обложувалниците. Тие промени директно предизвикуваат импликации и врз приредувачите на игри на среќа и врз буџетот на РМ. Сепак, како сектор сме горди што низ годините конечно се најде конкретно соодветно решение при што овој бизнис сегмент – "Посебни игри на среќа во обложувалница" стана **речиси 100% регулиран, како никаде во Европа,** а многу подобро и поефикасно отколку во цело балканско опкружување. Имено, сите приредувачи на игри на среќа ја имаат исполнето својата обврска која произлегува од Член 20 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, за обезбедување надзорен информациски систем и поврзување и размена на податоци со информацискиот систем на Управата за јавни приходи, на строго дефиниран начин, каде комплетно онлајн се следи нивната работа, редовно се реализира наплатата на посебните давачки, наплатата на Персоналните даноци е повеќекратно зголемена и реализирана, дополнително се наплатува посебна давачка во висина од 3% за финасирање на спортот, износ кој се плаќа на сметка на Агенција за млади и спорт, бројот на вработени е зголемен, бројот на добавувачи кај приредувачите е зголемен итн...

Поради погоренаведените причини, уште еднаш апелираме до Министерството за финансии, како изготвувач на Предлог Законот за измени и дополнувања на законот за игри на среќа, и посебно до Вас, ценејќи го Вашето искуство и одлично познавање на економијата, внимателно да ги разгледате изнесените сугестии и да ги прифатите внимателно одбраните решенија, како би можеле да ја надминеме оваа ситуација, која никому не оди во прилог.

Го нудиме нашето искуство и поддршка во брзо изнаоѓање на сите поквалитетни решенија за подобрување на сегментот Игри на среќа, а кои ќе бидат во корист како за играчите, приредувачите и државата.

Искрено се надеваме на позитивен одговор, Во спротивно ќе бидеме приморани на непопуларни потези, ќе се соочиме со огромен број отпуштања, големи непланирани трошоци околу прилагодување и затворања во овој бизнис сегмент. Би биле повеќе од благодарни доколку издвоите дел од Вашето драгоцено работно време и ни овозможите непосредно да ги искажеме нашите аргументи и факти.

Податоци за контакт: e-mail адреса: asom.msba@gmail.com

Телефон: 072/269-332 Васко Илијевски – Претседател на здружението

Со почит,

АСОМ – Скопје

Асоцијација на спортски обложувалници на Македонија АСОМ • Скопје

Кон ова Мислење по Предлог закон за измени и дополнувања на Законот за игри на среќа се приклучуваат и останатите приредувачи на игри на среќа во обложувалница, кои со свој потпис и печат стојат позади ова мислење.

1. Друштво за спортски обложувалници и игри на среќа , трговија и услуги ЗЛАТНА КОПАЧКА – ЕДЕН ДОО Скопје

____________________

(потпис и печат)

Друштво за спортски обложувалници и игри на среќа, трговија и услуги ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН ДОО Скопје